Елица МАНЕВА

**УДК: 904-03:726.54(497.742)„653“**

# КОЈ БИЛ НОСИТЕЛ НА БОЗДОГАНОТ ШЕСТОПЕР ОД ВОДОЧА?

***Кратка содржина***

*Гробот 295 од некрополата во Водоча кај Струмица претставува своевиден куриозитет меѓу средновековните и постсредновековните археолошки наоди затоа што во него за прв пат е откриено оружје – боздоган* ***Сл. 3*** *кој истовремено е и инсигнија на достоинство и статус во општествената хиерархија.*

*Истовремено во гробот е откриен и сребрен прстен – печатник кој по својот облик, изгледот и печатот се припишува на носителите од витешкиот ред на змејот оформен во XV век во Унгарија, а познат на балканските простори, како и во Македонија (Водоча).* ***Сл. 4, 5***

*Споредувајќи ги историските, етнографските, антрополошките, ликовните и археолошките податоци може да се констатира дека носител на боздоганот и прстенот од гробот 295 од Водоча било младо момче во јувенилна возраст потомок на виднo, „баштинарско“ а можеби и „војнучко“ семејство чии членови биле и наследници на витешкиот ред на драконот.*

*Гробот се датира најрано кон крајот на XV и во XVI век со тоа што наведените наоди биле изработени порано и биле подолго време во употреба.*

***Клучни зборови:*** *НЕКРОПОЛА, ВОДОЧА, БОЗДОГАН-ШЕСТОПЕР, ПРСТЕН-ПЕЧАТНИК, ВИТЕШКИ РЕД НА ДРАКОНОТ, ИНСИГНИИ, „БАШТИНАРИ“, ТУРСКИ ПОПИСНИ ДЕФТЕРИ.*

Публикувајќи го средновековното оружје најдено на некрополата од комплексот *Водочки цркви*, село Водоча кај Струмица,[1] археолозите Јован Ананиев и Милан Ивановски се задржуваат на неколкуте железни врвови за стрели и на боздоганот откриен *in situ* во гробот 295.[2]

[1] Во 1961-1962, некрополата во Водоча почнал да ја ископува В. Лахтов, во 1973-1974 помали ископувања и истражувања на сакралните објекти извел П. Миљковиќ-Пепек, а после обемните археолошки работи извршени од страна на Ј. Ананиев во периодот 1979-2003, ископувањата ги завршил археологот Ване Секулов во 2004 година.

[2] Ананиев, Ивановски 1996, 225-230.

Тие ги објавуваат овие наоди со голема посветеност и студиозност збогатувајќи ги познавањата за овој редок и скудно обработен археолошки материјал од македонското средновековие.

По преземањето на движниот материјал од некрополата во Водоча на натамошна обработка беше извршена негова целосна конзервација, како и накнадна фото и техничка документација.[3] Потребата да се каже уште нешто за оваа коректно изготвена студија произлезе од новите сознанија до кои се дојде со подеталните антрополошки согледувања за скелетот од гробот 295, а особено по конзервацијата и обработката на прстенот најден во него.




Сл. 1
Комплекс *Водочки цркви*
Ископувања на западниот дел во 1991 година

Гробот 295 во 1991 година го открил Ј. Ананиев. Тоа е слободно вкопана јама, без никакви надгробни обележувања. Основата на гробот е на 2,12 m под површинското ниво на теренот. **Сл. 1** Скелетот е ориентиран З-И, положен е на грб со испружени нозе и раце прекрстени на половината во склад со христијанските канони во погребувањето. **Сл. 2**

Остеолошкиот материјал не бил третиран од аспект на физичката антропологија, ниту пак е зачуван меѓу постоечкиот студиски, хуман (коскен) материјал од Водоча.

[3]Движниот материјал од некрополата во Водоча го презедов за натамошна обработка според желбата на истражувачот Јован Ананиев (1947-2003) кон крајот на 2003 година. Истиот се конзервираше во лабораторијата на Нумизматичкиот кабинет на Народна банка на Р. Македонија (конзерватор Билјана Бозаровска-Павловска). Техничката и фотодокументацијата ја изготвија археолозите Давча Спасова и Бранко Павловски.




Сл. 2
Основа на гробот 295

Од затекнатата техничка документација, сепак, јасно се гледа дека скелетот од гробот 295 бил делумно оштетен, односно изгниен. **Сл. 2.**

Имено, недостасуваат коските од стапалата, дланките, делови од черепот и оние покривките од трупот. Според зачуваната должина, многу е извесно дека станува збор за млада индивидуа во јувенилна возраст, веројатно младо момче. **Сл. 2**

Покрај боздоганот чии железни делови, главата и клинецот за затегнување на дрвената дршка откриен во отворот од горната страна, **сл. 2, 3** во гробот е најден и прстен на десната рака и мал железен фрагмент (можеби и секундарен наод) над черепот. **Сл. 2, 4**

При обработакта на оружјето од Водоча, детално е опишан и боздоганот од гробот 295, (тер. инв. бр. 489) неговиот изглед, димензиите и начинот на изработка, ползувана е богата и релевантна, стручна литература и се донесени неколку битни констатации за него.[4]

[4] За изработката, местото на наод, димензиите и аналогиите детално зборуваат Ј. Ананиев и М. Ивановски. Ананиев, Ивановски 1996, 225-227, п. 2-19. За жал ниту тогаш, ниту сега не е можно да се измери тежината на железната глава на боздоганот затоа што тој е изложен во Музејот на Струмица.

Судејќи по обликот и претпоставената должина на дршката боздоганот се припишува на помалите примероци, односно на оние што ги употребувале коњаниците како помошно, ударно оружје за борби од близу.[5]

И покрај аналогиите што ги наоѓаат меѓу одделни типови боздогани од средните векови тие, сепак, како искусни археолози, се слу-




Сл. 3
Боздоган од гробот 295

[5] Дршките на боздоганите што ги употребувале коњаниците, се смета дека биле долги 0,50-0,60 m, додека кај пешадијата тие изнесувале околу 0,70 m.

жат и со стратографскиот метод. Според него тие заклучуваат дека гробот 295 припаѓа на стратумот од крај на XIV – почетокот на XV век и адекватно на тоа го датираат и водочкиот боздоган.[6]

Откако се исчисти и конзервира прстенот од гробот 295, на големо изненадување, иако тој се чинеше многу кородиран, прекриен со зелена патина и нечитлив, се покажа како квалитетен сребрен примерок.

И покрај сите оштетувања и откршениот обрач, по својата форма тој, без сомнение, припаѓа на витешките прстени[7] кои служеле како печати и кои временски можат да се определат многу попрецизно.




Сл. 4
Прстен од гробот 295

Од тие причини проблематиката на гробот 295 се согледува уште еднаш, но овој пат како затворена целина и со интердисциплинарен пристап.

Прстенот (тер. инв. бр. 488) е многу изабен од долгорајната употреба, па дури и откршен во долниот дел. **Сл. 4**

Обрачот е со лачен пресек и нема зачувано (или можеби немал) декорација во долната половина. На средината тој се „прекршува" и поминува во лентести, трапезовидни рамена – „штитови" со што се добива карактеристичната профилација на витешките прстени.[8]

[6] Ананиев, Ивановски 1996, 227, п. 20, 21.
[7] Милошевић 1990, 53, сл. 6.
[8] Ibidem.

На рамените делови се гледа плитко врежана декорација во вид на мошне стилизирани мотиви на „елови гранчиња“.

Главата е елипсовидна, рамна, со врежан печат во форма на фантастично суштество кај кое се забележуваат следните детали: кругче како глава со рецки наоколу како рогови и зината муцка, додека двете коси цртки странично од телото, претставуваат крилја и нозе. Иако крајно шематизирана оваа креатура се чини дека го претставува мотивот на драконот. **Сл. 4**

И можеби ова ќе се толкуваше само како „лик на фантастично суштество“ доколку не се направеше споредба со печатот, декорацијата на раменiот дел и морфолошкиот изглед на прстенот од гробот 489 од некрополата во Водоча.[9] **Сл. 5**

Компарирањето на овие два прстени, од гробот 295 и 489 **сл. 4, 5** недвојбено покажува дека припаѓаат на истиот тип. Меѓутоа, заради послабиот квалитет во изведбата, декорацијата и речиси двојно помалата тежина,[10] примерокот од гробот 295 се чини како нешто подоцнежна, но сепак, директна и не толку вешта имитација на маркантниот, сребрен, позлатен прстен од гробот 489. **Сл. 4, 5**

Деталната анализа на гробната целина и посебно на витешкиот прстен со печат во вид на дракон од гробот 489 е веќе позната во стручната литература.[11] Притоа, наведениот прстен се поврзува со витешкиот ред на драконот формиран од унгарскиот крал во 1408 година.[12]

На овој ред припаѓале врвни владетели и феудалци од првата половина на XV век чија цел била борба против антихристот. Правилникот на овој ред предвидувал секој од нив да собере дружина од по 50 благородни луѓе[13] кои делат иста идеја и имале заеднички амблем на драконот којшто, покрај другото се врежувал и на прстените што служеле како печат.

Прстенот од гробот 489, веројатно бил произведен во првата половина до средината на XV век, а во гробот доспеал во поодминатиот XVI век, судејќи по прстенот со османлиско-турски печат од истата гробна целина.[14]

---

[9] Манева 2007, 383-395, sl. 3, 4.

[10] Димензиите од прстенот од гробот 489 се: Д (внатрешен) 18 x 22 mm, висина 29 mm, глава 9 x 14 mm, тежина – 8,63 гр. Прстенот од гробот 295 ги има следните димензии: Д (внатрешен) 18 x ?, зачувана висина 22 mm, глава 9 x 13 mm, додека тежината изнесува 4,95 гр.

[11] Maneva 2007, cat. no. 46; Манева 2007/i, 333-395, сл. 2-4.

[12] Ћирковић 1968, 273.

[13] Ibid., 273, n. 75.

[14] Maneva 2007, cat. no. 60; Манева 2007/i, 333-395, сл. 2, 5, 6.

Споредувајќи го прстенот со печат на драконот од гробот 489 **сл. 5** и оној од гробот 295, **сл. 4** очебијна е „декадентноста“, падот на квалитетот и на изведбата што оди во прилог на подоцнежното датирање на вториов. Според тоа, тој би бил изработен после средината или во втората половина на XV век. Големите оштетувања и енормната излижаност на прстенот од гробот 295 навестуваат дека тој бил во употреба од повеќе генерации на носители како инсигнија за припадноста на витешкиот ред на драконот.




Сл. 5
Прстен од гробот 489

Деталното проучување на техничката и фото документација на гробот 295 јасно покажуваат дека прстенот бил носен на десната рака и тоа, најверојатно на показалецот како место каде што уште од раното средновековие се покажувало честитото потекло на носителот, односно неговиот повисок статус во општествената хиерархија. Впрочем, на ист начин бил носен и прстенот од гробот 489.[15]

И поседувањето на боздоган е сигнализација за поданик од висок род, за цивилен или воен достоинственик.

Заради ефикасноста и едноставната изработка, варијанти на овој вид оружје се познати уште од праисториските епохи. Оттука произлегуваат и многубројните имиња под кои се среќава ова оружје, како и натслојувањето со многузначна симболика во неговата употреба.

---

[15] Werner, *Malaja Pereščepina*, n. 53; Maneva 2007/$_1$, 389, 390, сл. 2.

Турските називи топуз и боздоган кои се одомаќиле во нашиот јазик означуваат два вида: првиот е со полна глава, додека боздоганот има глава поделена во перки.[16]

Во тој поглед, истражувањата во дубровничките архиви даваат многу индикативни податоци. Во списите од 1424 година прв пат се споменуваат два „bozdochani" како нешто што се разликува од топузот, додека како типично турско оружје во 1443 година се употребува уште поегзактно како „uno bosdochan turchesco".[17]

Боздогани со перки (од персискиот shesper /шешпер/ што значи со шест страни или перки) се споменуваат и кај пешадијата и кај коњаницата, односно кај витезите уште од XIII-XIV век.[18]

Според Кирпичников шестоперот и со самиот свој изглед кој потсетува на скиптар или жезол, означувал воена власт.[19] Обработувајќи на стотици примероци тој заклучува дека освен како помошно ударно оружје за борба од близу кое се користело уште од домонголскиот период (XII-XIII век), па сè до почетокот на XVI век, боздоганите симболизирале и висок општествен статус, па дури и царска власт во XVII век, иако тогаш веќе не се употребувале во бој.[20]

Во доцниот среден век (XIII-XIV) мечот, копјето и боздоганот биле синоним за висок статус на воените достоинственици.[21]

Овие атрибути се забележани и се споменуваат и во фолклорните творби. Меѓутоа, најопеано оружје кај балканските народи е боздоганот шестопер (макар што тој може да има и 7, 8, 10, 12 и повеќе перки), токму заради неговиот изглед на жезол.

Во македонската епска поезија, од циклусот јуначки песни за митскиот јунак Крали Марко се среќава еден од најубавите описи на инсигниското оружје:

„Шетба шетат Марко Прилепчанец...
Ми пријавнал коња шареного...
...ми опасал сабја дипленица,
што се диплит дванаесет п'ти...
...а на седло, богме, ми приврзал,
што приврзал тешка буздогана,
што е тешка шестотини ока;
в р'ка држит она војно копје..."[22]

---

[16] Petrović 1976, 51; Šercer 1972, 7; Ead., 1980, 12, T. V, 1-3.
[17] Petrović 1976, 51, n. 1, 15.
[18] Шкривани 1957, 87, n. 344, 345.
[19] Кирпичников 1966, 56, n. 77.
[20] Idem., 47-57, рис.10, T. XXV, 5.
[21] Шкривани 1957, 87.
[22] Јуначки..., 12.

Од ликовните извори, особено од фрескоживописот од Македонија и соседните области, како и од доцносредновековната нумизматичка продукција се забележуваат десетици примероци на топузи и боздогани било како оружје или како симбол на достоинство.[23]

Меѓутоа, ниту еден од нив не е еднаков по својт изглед со водочкиот примерок од гробот 295.




Сл. 6
Гравура од XVI век
– „Словен или Далматинец“

Во тој поглед интересна е аналогијата со една од гравурите на Чезаре Вечели печатена во Венеција кон крајот на XVI век.[24] **Сл. 6** На овој дрворез е претставен „Словен или Далматинец“ во облека која нема ниту ориентални, турски ниту грчки или дубровнички елементи. Оваа носија, според истражувачите на облеката иако гравурата настанала кон крајот на XVI век, била типична за народите од пошироките балкански простори и во првата половина на XVI, па и во XV век. Во описот покрај другото се вели дека на појасот се опашувала широка турска сабја и дека често се носел железен боздоган.[25]

Обликот на боздоганот прикажан на оваа гравура без сомнение е од типот со перки и, всушност, е најблиска аналогија на водочкиот примерок од гробот 295. **Сл. 6**

[23] Шкриванић 1957, 88-93, сл. 44-94а.
[24] Васић 1953, 136-138, сл. 7.
[25] Ibidem.

* * *

Носител на боздоганот и витешкиот прстен од гробот 295 било младо момче. Тоа било погребано со овие прилози – инсигнии како потомок на видни достоинственици, веројатно, од класата на ситното христијанско благородништво, наследници на средновековните пронијари.[26] Овие семејства и во првите векови од османлиското владеење располагале со своите наследни имоти за кои во турските пописни дефтери се употребува словенскиот термин „баштине", адекватно на турскиот чифлиг,[27] а тие самите се нарекуваат „баштинари".[28]

Од нивните редови, доколку имале повластувања во даноците, слично на турските спахии, се регрутирале и „војнуци".[29]

Тие биле обврзани на повик да „одјаваат" и како војнук-џебелија – „cebelu-voynuk" или оклопник-вооружан коњаник[30] да се приклучат во воените походи на турската војска. Постоело и правилото, секоја година тоа да го прави друг член од семејството.[31]

Се чини оправдана и претпоставката дека момчето од гробот 295 од Водоча освен на „баштинари" и можеби „војнуци" да припаѓало и на потомци од витешкиот ред на драконот – судејќи по прстенот.

Турските пописни дефтери, детално и по име ги споменуваат „баштинарите" од ова време од Водоча,[32] додека меѓу археолошките наоди на накитот, пред сè прстените од некрополата откриени се амблеми на благородници, витези и на нивните подоцнежни осиромашени потомци кои сè уште ги носеле овие инсигнии.[33] Меѓу нив особено место заземаат и двата прстени-печатници од гробовите 489 и 295 како ознаки на витешкиот ред на змејот.[34] **Сл. 4, 5**

(Рецензент: *проф. д-р Иван Микулчиќ*)

---

[26] Острогорски 1969, 286-288, 319-342.
[27] Inaldžik 1953, 23-53; Стојановски 1989, 241, 249.
[28] *Турски документи*, Том V, кн. III, 80, 81, 648, 657.
[29] Стојановски 1989, 99.
[30] Ibid., 1989, 95, n. 14.
[31] Ibid., 103.
[32] Cf. n. 28
[33] Maneva 2007, cat. no. 1, 10, 40-57.
[34] Maneva 2007, cat. no. 46, Ead., 2007/I, 386-390, Сл. 2-4.

## ЛИТЕРАТУРА

Ананиев, Ивановски 1996 = Ј. Ананиев, М. Ивановски, Средновековно оружје од комплексот Водочки цркви кај Струмица, *Maced. Acta Archaeol.* 14 (1993-1995), Скопје 1996.

Ћоровић -Љубинковић 1975 = М. Ћоровић-Љубинкозић, Представе грбова на прстењу и другим предметима материјалне културе у Србији, *О Кнезу Лазару,* Београд 1975.

Ћирковић 1968 = Ћирковић С., Почтени витез Прибислав Вукотић, *ЗФФ* X-1, Београд 1968.

Ђорђев 1947 = Б. Ђорђев, О војнуцима са освртом на развој турског феудализма и на питање босанског агалука, *ГЗМС,* Сарајево 1947.

Иванић 1995 = Б. Иванић, Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века, Београд 1995.

Иванишевић 2001 = В. Иванишевић, *Новчарство средњовековне Србије,* Београд 2001.

Inaldžik 1953 = H. Inaldžik, Od Stefana Dušana do Osmanskog Carstva. Hrišćanske spahije u Rumeliji u XV vjeku i njihovo poreklo, *Prilozi za orientalnu filologiju,* III-IV, Sarajevo 1953.

Йотов, 2004 = В. Йотов, *Въоръжението и снаряжението от българското средновковие* (VII-XI век), София 2004.

Кирпичников 1966 = А. Н. Кирпичников, *Древнорусское оружие*, Том. 2, Москва – Ленинград 1966.

Maneva 2005 = E. Maneva, *Ancient Jewellery from Macedonia* – Middle Age, Calamus, Скопје 2005.

Манева 2005/1 = Е. Манева, *Водочка варијанта на кружни наушници од крајот на XV век. ГЗФФ* LVIII, Скопје 2005.

Манева 2006 = Е. Манева, *Накитот од гробот 463 од Водоча*, *ГЗФФ* LIX, Скопје 2006.

Манева 2007 = Е. Манева, *Древниот накит од Македонија – Некропола Водоча*, Скопје 2007.

Манева 2007/1 = Е. Манева, *Два честита прстена – печатника на неидентификувана личност од Водоча од XVI век*, ГЗФФ LX, Скопје 2007

*Јуначки = Македонско народно творештво (Јуначки народни песни)*, Ред. К. Пенушлиски, Скопје 1968.

Милошевић 1990 = Д. Милошевић, *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја*, Београд 1990.

Острогорски 1969 = Г. Острогорски, *О византијском феудализму*, Сабрана дела, Кн. I, Београд 1969.

Petrović 1976 = Ć. Petrović, *Dubrovačko oružje u XIV veku*, Beograd 1976.

Радојковић 1969 = Б. Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века, МПУ*, Београд 1969.

Стојановски 1989 = А. Стојановски, *Македонија во турското средновековие* (од крајот на XIV – почетокот на XVIII век), Скопје 1989.

Šercer 1972/1 = M. Šercer, *Staro oružje na motki,* Zagreb 1972.

Šercer 1972/2 = M. Šercer, Naoružanje i vojna oprema u XV stoljeću, *Vesnik Vojnog muzeja*, XIV-XX, Beograd 1972.

Šercer 1980 = M. Šercer, *Oružje u prošlosti*, Zagreb 1980.

Шкриванић 1957 = Г. А. Шкриванић, *Оружје у средњовековној Србији, Босни и Дубровнику*, Београд 1957.

*Турски документи,* Том V, кн. II = *Турски докуемнти за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери,* Том V, кн. II, Скопје 1980.

Васић 1953 = П. Васић, *Југослвоенске ношње у XVI веку*, ЗЕМ (1901-1951), Београд 1953.

Werner, Malaja Pereščepina = Werner J., *Der Grabfund von Malaja Pereščepina un Kuvrat* – Kagan der Bulgaren, München 1984.

Elica MANEVA

## WHO WAS THE BEARER OF THE SIX-SPIKED MORNING STAR FROM VODOCHA?

### Summary

*In grave 295 from the complex Vodocha Churches in the village of Vodocha near Strumica, burial artifacts have been discovered that represent a rarity not only for this necropolis, but also for the Republic of Macedonia. The deceased had been buried with a morning star, having an iron head with characteristic six spikes, which was placed next to his right shoulder, as well as with a silver ring on his right index finger that bore a seal marking his lineage (Fig. 2-4).*

*During the Medieval and post-Medieval period, the morning star was a popular weapon. At the same time, because it resembled a sceptre, it symbolized the high social status of its bearer. This has also been confirmed in the epic poetry cycle about the mythical hero Krali Marko.*

*By its shape and seal, the ring from grave 295 has been brought into connection with the markings of the knightly order of the dracon, formed by the Hungarian king in 1408. The order was noted in the Balkan countries (also in Macedonia) during the 15th century and in later references among the archaeological materials found in the following century (Maneva 2007, cat. no. 46; Maneva, 2007/$_1$, 383-395).*

*The decadent styling of the ring from grave 295 (Fig. 4) may suggest a later date of manufacture (after the middle of the 15th century), while the great damage to it signifies long-term use by several generations of heirs, so that the ring may have made it to the grave by the end of the 15th or the 16th century at the earliest.*

*The bearer of the morning star and the ring from grave 295 was a young male. He was buried with these artifacts-insignia as a descendant of renowned Christian gentry, most probably from the class of lesser nobility (the medieval proniar). These families, even during the Turkish Ottoman period, had at their disposal inheritable estates called „bashtini" (heritages), and from their lines „voynuk-i" (soldiers) were recruited who were duty-bound to join the Turkish army when called; every year this was done by another family member.*

*In addition to this status, the ring on the right index finger shows that this man was also a member of the knightly order of the dracon.*

*The existence of „bashtinari" (heirs to the estates) in Vodocha has been confirmed several times in the records of the Turkish census, where even their names have been listed. The archaeological findings from the Vodocha necropolis - the rings, above all, but also the other jewelry - reveal the crests and the emblems of renowned families, as well as the insignia of the knightly order of the dracon (Fig. 4-5).*